Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2016 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2016 година бр.09-274/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-285/1 — **Градоначалник**
09.02.2017 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2016 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2016 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за квартал IV од 2016 година. кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-274/2 — **Претседател**
08.02.2017 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2017 година бр.09-275/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-286/1 **Градоначалник**
09.02.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово " бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

**за висината на благајничкиот максимум за 2017 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2017 година се определува да изнесува 50.000,00 денари (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Доколку има можност да се оствари прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката истиот ден, а најкасно наредниот работен ден.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,"Службен Гласник на општина Кратово ".

09-275/2 **Претседател**
08.02.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај на Комисијата за попис на Општина Кратово за извршен попис на ден 31.12.2016 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Извештај на Комисијата за попис на Општина Кратово за извршен попис на ден 31.12.2016 година бр.09-276/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-287/1
09.02.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ: бр.81/05, член 29 и 35 од Правилникот за за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со физичката состојба утврдена со попис ("Службен весник на РМ" бр.28/3, 62/06 и 107/11 како и врз основа на Правилникот за попис на Општина Кратово, а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај на Комисијата за попис на Општина Кратово за извршен попис на ден 31.12.2016 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Извештајот на Комисијата за попис на основните средства, опремата, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартиите од вредност и паричните средства на жиросметките и благајната на Општина Кратово за извршен попис на ден 31.12.2016 година.

Составен дел на Извештајот се:

1.Извештај на пописната комисија за извршен поис на средствата и изворите на средства на ден 31.12.2016 година на Општина Кратово;

2.Попис на парични средства во Општина Кратово на 31.12.2016 година;

3.Попис на обврски на Општина Кратово на 31.12.2016 година;

4.Попис на побарувања во Буџетот на Општина Кратово на 31.12.2016 година;

5.Попис на материјали во магацинот за улично осветлување на ден 31.12.2016 година;

6.Попис на касата во Општина Кратово на ден 31.12.2016 година; и

7.Извештај за користење на средства од Буџетската резерва во 2016 година.

Овој извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-276/2 **Претседател**
08.02.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-277/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-288/1 **Градоначалник**
09.02.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на четириесет и шестата седница одржана на ден 08.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот на општина Кратово за 2017 година**

**Член 1**

Со одлуката се врши изменување и дополнување во преамбулата на Одлуката за извршување на буџетот на општина Кратово за 2017 година бр.09-1696/1 од 28.12.2016 година ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.1/2017) со тоа што:

"Во преамбулата на одлуката помеѓу зборовите: "156/2009 и 47/2017" наместо буквата "и" се става запирка, а после зборот: "47/11" се додаваат зборовите: "и 192/2015)".

**Член 2**

Се овластува Комисијата за статут и прописи да изготви Пречистен текст на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-277/2 **Претседател**
08.02.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на преамбулата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за изменување и дополнување на преамбулата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-278/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-289/1 **Градоначалник**
09.02.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 28 став 1 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на четириесет и шестата седница одржана на ден 08.02.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

**за изменување и дополнување на преамбулата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**Член 1**

Со одлуката се врши изменување и дополнување во преамбулата на Буџетот на општина Кратово за 2017 година бр.09-1695/1 од 28.12.2016 година ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.1/2017) со тоа што:

"Во преамбулата на буџетот помеѓу зборовите: "156/2009 и 47/2017" наместо буквата "и" се става запирка, а после зборот: "47/11" се додаваат зборовите: "и 192/2015)".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-278/2 **Претседател**
08.02.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 09.02.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства со кои ќе бидат подмирени достасаните обврски на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово спрема ЕВН**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства со кои ќе бидат подмирени достасаните обврски на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово спрема ЕВН бр.09-279/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-290/1 **Градоначалник**
09.02.2017 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за обезбедување на финансиски средства со кои ќе бидат подмирени достасаните обврски на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово спрема ЕВН**

**I.** Со Одлуката се обезбедуваат финансиски средства во износ од 77.113,оо (седумдесет и седум илјади сто и тринаесет) денари од Буџетот на Општина Кратово, со кој износ ќе бидат помирени достасаните обврски на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"- Кратово спрема ЕВН - Електродистрибуција" ДООЕЛ Скопје, итно и неодложно поради настанати обврски за струја.

**II.** Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово се соочува подолго време со финансиски потешкотии, посебно во минатата и оваа година поради кратењето на блок дотациите од Министерството за култура. Настанатите обврски за струја се настанати за организирање на културни манифестации во кино салата, каде просторот има неадекватно загревање и голема потрошувачка на струја.

**III.** Со Одлуката се задолжува Општина Кратово да обезбеди финансиски средства во износ од 77.113,оо (седумдесет и седум илјади сто и тринаесет) денари од Програмата Ј3- Јавно осветлување од Буџетот на Општина Кратово и со истите да се подмират достасаните обврски на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово спрема ЕВН - Електродистрибуција" ДООЕЛ Скопје.

**IV.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-279/2 **Претседател**
08.02.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.